Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

30 декември, 2022

Архивски број : 21 – 1597/14

Врз основа на член 49 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година) Министерството за транспорт и врски ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За организирање на
## ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА РАСПРАВА, ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И СТРУЧНА РАСПРАВА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е – ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ ОПШТИНА ШТИП

Со оваа одлука се организира јавна расправа, јавна презентација и стручна расправа за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е – инфраструктура, Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци општина Штип.

Соопштението за организирање на јавната расправа и стручна расправа ќе биде објавено во јавните гласила „Слободен печат“ и „Вечер“, веб страната на Министерството за транспорт и врски, веб страната на Општина Штип и информацискиот систем е-урбанизам.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е – инфраструктура, Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци општина Штип ќе биде достапен за увид на стручната јавност и јавно презентиран од 16.01.2023 година до 14.02.2023 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски како и во информацискиот систем Е-урбанизам. Исто така во хартиена форма примерок од урбанистичкиот


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

план ќе биде изложен на увид на стручната јавност во просториите на Министерството за транспорт и врски и општина Штип.

Јавната расправа ќе се одржи на ден 15.02.2023 година (среда) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.
Стручната расправа ќе се одржи на 22.02.2023 (среда) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.

Учесниците во стручната расправа можат да ги доставaт своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа. Забелешките ќе бидат составен дел на записникот од стручната расправа, врз основа на кој се изготвува извештај од стручната расправа, што го изработува стручна комисија формирана од донесувачот на планот.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александар Карангелов, диа

Одобрил:
Раководител на Сектор за уредување на просторот
Весна Андриевска, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk